Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 24-10
Дата: 11.06.2025 година

[redacted]


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство на апарати за домаќинство ДИНАМО ХИТ ДОО Велес, со седиште и со адреса на вршење на дејноста на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 132 Велес, застапувано од Тоше Лазаревски - управител. Со Записник бр. 24-10 од 10.06.2025г. ја утврди фактичката состојба и во согласност со член 33 став 4 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РМ бр. 99/22) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ВРШИ** продолжување на рокот за извршување на Решение ИП1 бр. 24-10 од 07.03.2025г., донесено од страна на ДИЖС кон субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство на апарати за домаќинство ДИНАМО ХИТ ДОО Велес, сметано од 11.06.2025г. за дополнителни 120 дена, заклучно со рок за извршување на решението - 09.10.2025г.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, по извршениот инспекциски надзор на субјектот на надзор Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство на апарати за домаќинство ДИНАМО ХИТ ДОО Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 132 Велес, донесе решение: Да поднесе Барање за добивање на дозвола за користење на подземна вода за технолошки потреби од бунарот лоциран во границите на КП 15743/2 КО Велес до надлежниот орган-Управата за води при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Субјектот на надзор на 05.06.2025г. достави Известување дека не е во можност да го запази рокот на извршување на решението, со образложение на причините за негово неизвршување и со барање за продолжување на рокот од решението.

При спроведениот контролен инспекциски надзор во записник бр. 24-10 од 10.06.2025г., се констатира дека субјектот на надзор изработил Елаборат за заштита на животната средина за црпење на подземна вода и го доставил на одобрување до надлежниот орган со образец/Барање за одобрување на Елаборат за заштита на

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

животната средина, со приемен штембил на надлежниот орган-Министерството за животна средина и просторно планирање од 05.06.2025г. (во списите на предметот).

Решението за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина е задолжителен документ во прилог на Барањето за добивање на дозвола за користење на вода, а Елаборатот за заштита на животна средина е во постапка на одобрување пред Управата за животна средина, за што е потребно време органот да ја спроведе постапката.

Од сето горенаведено се констатира дека рокот утврден во решението ИП1 бр. 24-10 од 07.03.2025г. очигледно е недоволен за извршување на решението.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 33 став 4 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РМ бр. 99/22), Државниот инспектор за животна средина го донесе оваа решение во кое определи дополнителен рок од 120 дена од рокот определен во решението.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган, во согласност со член 33 став 5 од Законот за инспекциски надзор во животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 24-10, на ден 11.06.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243